# Промени во начинот на работа во Прима  Медика в2.1.2 во однос на в.2.1.0

1. При препишување терапија, во делот кај што се бираат генеричките називи, може да се види назнаката за режимот на препишување на лекови односно
   R – Лекот го препишува избран лекар,
   R,D - Лекот го препишува избран лекар/стоматолог,
   RS – По препорака на лекар специјалист, ......итн
   *Комплетната листа со објаснување за Режимите за препишување е дадена на веб страната на ФЗО (www.fzo.org.mk)*

2. Печатење на картица на преглед. Овој извештај е додаден на главната форма за евидентирање преглед (под опцијата за печатење *Историја на пациентот* ). Овој преглед ги содржи податоците за тековниот преглед. Погоден е да се печати во случај ако не сакате рачно да го пополнувате физичкиот картон, туку за секој преглед печчатете ваква картица и го додавате во досието на пациентот.

3. Евиденција на странски пациенти по основ на конвенција. Во картотеката (формата за евиденција на осигуреници), полето *Здравствен број (само за осигуреници по конвенција)* се пополнува само во случај ако треба да евидентирате странски пациент коиј има основ на осигурување 17- По конвеција. Во тој случај го пополнувате ова поле каде што во првите три цифри се всушност шифрата на државата од каде доаѓа (ја бирате од опаѓачката листа), а останатио дел го пополнувате со бројот на осигурување кој го поседува пациентот и е прикажан на некој од документите за здравствено осигурување (легитимација, картица,...).

4. Контроли при пополнување пријави/одјави за пациент. Софтверот нема да ви дозволи да внесете нова пријава , докрлку веќе има пријава за пациентот. Прво ќе треба да се затвори тековната пријава (да се пополни број и датум на одјава) и потоа да се внесе нова. Исто така , софтверот ќе ви даде предупредување кога ќе сакате на дадена пријава да го смените лекарот. При префрлање на пациент од еден кај друг лекар, потребно е да направите прво одјава (пополнувате датум на одјава и број на одјава) кај тековниот лекар а потоа да евидентирате пријава кај новиот. Во случај ако директно на моменталната пријава направете промена на факсимилот ќе се изгубат архивските податоци кои се однесуваат на капитацијата или реализацијата на целите.

5. Пред да правете пресметка за капитација, проверете го статусот на лекарите во *Шифрарници/Лекари/Лекари*. Треба да се назначат **активни** сите лекари за кои треба да се прави пресметка за капитација во спротивно нема да се прикаже пресметката за капитација.